MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12 - 113/2
12.02.2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена преку електронска пошта email: ------------------------------ на 24.12.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-тата седницата одржана на 07.02.2020 година ја донесе следната

## **ОДЛУКА**

Пријавата поднесена преку електронска пошта ----------------------- на 24.12.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-113/1 од 09.01.2020 година, во која се укажува на сомневање за незаконско постапување на службени лица од ЈЗУ Клиника за кардиологија – Скопје во врска со примената на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, по доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер по електронски пат од група независни новинари, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-113/1 од 09.01.2020 година.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## **Образложение**

Предметот со број 12-113/1 од 09.01.2020 е оформен врз основа на добиена пријава од подносител преку електронска пошта ---------------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконско постапување на службени лица од ЈЗУ Клиника за кардиологија – Скопје во врска со примената на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, по доставено Барање по електронски пат од група независни новинари со кое бил побаран одговор за прашање за јавни набавки спроведени во клиниката. Од страна на ЈЗУ Клиника за кардиологија – Скопје било одговорено дека истото Барање за пристап до информации од јавен карактер потребно е да се достави преку Архивата на ЈЗУ Клиниката за кардиологија–Скопје, по што клиниката ќе постапи согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.

По разгледување на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.

Според Државната комисија за предметниот случај надлежна е Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, па оттаму се упатува подносителот на пријавата да се обрати до споменатата институција заради обезбедување на соодветна стручна помош во врска со доследната примена на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер и остварување на правото за пристап до бараните информации од јавен карактер.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 7 февруари 2020 година по број 12-113/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk